Во сегашната фаза на работа, во цртеж е готов околу половина од филмот, а снимањето и постпродукцијата, според директорот Тозија, треба да завршат до крајот на годинава.

М.К.

„[illegible]

Во организација на Културно-информативниот центар, вечер, во Салон 19,19 со почеток во 20 часот, ќе биде промовирана збирката поезија „Пораки на разумот и душата“ на авторката Славка Арсова. Книгата ќе ја претстават Веле Смилевски и Науме Радичевски, а стихови ќе читаат Мите Грозданов и Миле Попов.

Л.С.

БАЛЕТ

# НЕСЕКОЈДНЕВНИ БАЛЕТСКИ НАСТАНИ

**(КОН ПРЕТСТАВИТЕ „СТРАСТ“ НА ГОРДАНА ДЕАН – ПОП – ХРИСТОВА, „ВИТЕЛ“ НА РИСИМА РИСИМКИН И „ПАСТЕЛИ“ НА ИСКРА ШУКАРОВА, ИЗВЕДЕНИ НА СЦЕНИТЕ НА ТЕАТАРОТ „ЦЕНТАР“ И МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР**

*На 11.06.1994 година во театарското здание наречено Центар се одигра исклучителна претстава под насловот „Страст“ на музика на Питер Габриел и Кармел, во кореографија (полна со рафинираност и интелигентно вклопување во современата музика) на Гордана Деан–Поп–Христова, во изведба на Тања Анастасова, која покажа исклучителни способности за игра, пластичност и креација на ликот (како и повремено чувство за импровизација).*

*Овој моно балет на површина ги исфрлува способностите на авторот и изведувачот, како што го поставува прашањето: „Зарем само личните моменти на пожртвување на сите алтернативни проекти треба да го потврдуваат своето постоење?“*

*Мала забелешка на претставата е што има премногу децибали во мал простор и извесна расцепканост, што би можела да се решава и со светлосни ефекти, а не само со темни безсветлосни прекини, чекајќи нова духовна состојба и телесна поставеност на жената, како и моториката на истите.*

*Сценографијата на Антонио Мазневски беше мошне функционална и рационална, давајќи логична поддршка на целокупното дејствие и амбиентот во кој се одигрува, подвлекувајќи ја самотијата на жената и нејзината психа во очекувањето на мажот кој доаѓа, што е и делумна потка на оваа претстава.*

*x x x*

*Со нова премиера на 12.06.1994 година не изненади и ансамблот на Балетот при МНТ и тоа со две дела „Кармен–Свита“ на Бизе–Шчедрин, што е прекрстена во „Вител“ или „Како смртта ја победи Кармен“. Толку да не се познава музиката е неопростиво за професионалците, кои создаваат кореографија, како и да дозволуваат такви грешки во програмите, зашто играа на музика на Жорж Бизе во транскрипција на Родион Шчедрин.*

*Неоспорувајќи ги упорноста, талентот и вредностите на Рисима Рисимкин, мора да се констатира слабото образложение на нејзиното либрето, гледајќи ги настаните на сцената и архитектурата во самото дело, што делуваше контрадикторно.*

*Инаку, претставата имаше успех, а тоа е и најдоброто остварување на Р. Рисимкин.*

*Што се однесува до кореографскиот јазик, тој беше традиционален, а К. Тешеа и С. Домрачев, гостите, излегуваа од рамките додавајќи импровизирана бравурозност, што беше во спротивност со кореографската замисла.*

*Во улогата на Кармен настапи Надица Борсова, со прекрасни линии, но оптоварена со одговорност, беше често несигурна и ако нејзиниот настап би требало да се констатира со еден збор, би бил – солиден. Ели Спасевска беше мошне стабилна и ликот на Смртта го донесе мошне успешно. Билјана Пашариковска во ликот на девојката (како Кармен во вториот живот), имаше облигатна улога. Девојките како фурии ги извршија своите задачи на ниво на ансамблот на Балетот при МНТ, значи – добро.*

*„Пастели“ на музика на Мајк Олдфилд и Енигма, а во кореографија на Искра Шукарова се вистинско балетско откровение на сцената на МНТ сезонава. Се гледа дека во 1993 година во Лион не била на прошетка, туку сериозно работела на современиот балет на Националниот конзерваториум во класата на Франсоаз Бенет и Мишел Менгуал.*

*Таа реши да оди по различен, пословоден пристап кон играта. Она што го покажа, како кореограф е повеќе отколку успешно. Стилски чисто. Безгранично пријатно и увежбано. Едно браво, за нејзината прва претстава.*

*Балетскиот ансамбл имаше брилијантна вечер во „Пастели“, токму поради новиот стил, што го наметна кореографот, која се повикува на цитатот: „Тоа никако не значи дека модерната игра е без правила и без форма“. Сценограф беше дипл. инж. Кирил Јовановски, а костимограф Елена Дончева.*

*Љубомир Бранѓолица*